**_FOR IMMEDIATE RELEASE_**
October 20, 2005
Press office: +389 (0)2 308-0446
Cell phone: +389 (0)70 323-807
Email: talbor@usaid.gov
www.usaid.org.mk

# ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕЧАТОТ

## Соединетите Амрикански Држави ги поддржуваат кредитните унии во Македонија кои растат со нови 1,000 членови секоја година

Штедилницата ФУЛМ со седиште во Скопје денес со големо задоволство го прими својот 5000-ти член кој беше и награден за да се одбележи стабилниот раст во развојот на кредитната унија во Македонија. Народот на Америка преку Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Амрикански Држави (УСАИД) го потпомогнаа основањето на кредитната унија, која сега има шест филијали, повеќе од 5,000 членови и депозити во македонски денари чија вредност изнесува преку 1,8 милиони американски долари.

“Ми претставува огромно задоволство што Штедилницата ФУЛМ (Финансиски услуги за луѓето на Македонија) е многу успешна во формирањето на базата на своето членство кое пак е одраз на тековите во државата”, изјави г-дин Дик Голдман, директор на мисијата на УСАИД во Македонија. Бројот на жените членови на штедилницата е нешто повисок од 25 % од вкупниот број на членови.

Од другите награди кои беа доделени се и онаа за најдобар менаџер на филијала, која и припадна на г-ѓа Мица Ѓурева од филијала Тиквешија, како и награда за филијала која покажува највисоки резултати која беше доделена на филијалата ЈСП.

УСАИД преку Штедилницата ФУЛМ имаше задача да формира идентитет на финансиска институција на која ќе и се верува како сигурен чувар и менаџер на заштедите на штедачите, но и како локален извор на капитал потребен за локален развој на заедниците. Постепено во својот развој Штедилницата ФУЛМ требаше да ги убеди замјоделците и населението во селските средини да штедат во националната валута-денари, затоа што на Штедилницата не и е дозволено да прибира штедни влогови во странски валути. Во исто време, Штедилницата ФУЛМ требаше да изнајде решенија за имплементација на системот на кредитна унија во рамките на постоечкиот законски систем на државата кој не го прифаќаше уникатниот карактер и принцип на штедач кој ја поседува и менаџира финансиската институција преку своето членство во истата.

ИНФОРМАЦИИ ЗА РЕДАКЦИИТЕ:

Граѓаните на Соединетите Американски Држави преку УСАИД инвестираа преку 400 милиони американски долари (400 милиони $) во Македонија од почетокот на 1993 година. Повеќе од 30 проекти вредни 35 милиони американски долари годишно се имплементиераат во нашава држава. Овие проекти се дизајнирани да го поддржат процесот на транзиција во Македонија, формирање на слободен пазар и мулти-етничка демократија. Проектите содржат иницијативи за забрзување на економскиот раст, развој на демократските институции, како и едукација на граѓаните на Македонија по прашања за современата економија. Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Амрикански Држави (УСАИД) обезбедува економска и хуманитарна помош во повеќе од 100 држави во светот. За повеќе информации посетете ја следната веб-страница: www.USAID.org.mk

Светскиот совет на кредитни унии, Инц. (ВОКУ) како дел од програмата наречена "Луѓе за Луѓе" (People to People - PTP) го иницираше партнерството помеѓу Лигата на кредитни унии на Мичиген (САД) и Штедилницата ФУЛМ. Програмата "Луѓе за луѓе" ќе обезбедува континуирана поддршка на Штедилницата ФУЛМ преку Лигата на кредитни унии на Мичиген и тоа на полето на обезбедување техничка помош, советување, едукација и обука.